Име на институција: ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД
Име на носител на јавна функција: АЉАЈДИН ХАВЗИУ
Датум на стапување на функција: 23.12.2014 ГОДИНА

| Месец | Наративен извештај |
|---|---|
| Декември- 2017 | Во текот на месец декември 2017 година, директорот на Државниот инспекторат за труд, Аљајдин Хавзиу организираше работен состанок со раководителите на регионите за согледување на заклучоците кои произлегуваа од регионалниот проект на тема „Платформа за вработување и социјални прашања“ финансиран од Европската унија, а заеднички го спроведуваат Меѓународната организација на труд и Регионалниот совет за соработка. |
| Јануари- 2018 | Во текот на месец јануари 2018 година, директорот на Државниот инспекторат за труд, Аљајдин Хавзиу оддржа неколку состаноци со раководителите на подрачните единици со цел усогласување на програмата за работа на Државниот инспекторат за труд за 2018 година како и разгледување на годишниот план за 2018 година по месеци со предвидени дејности за контрола. Имено, фокусот беше ставен на можните сугестии за начинот на спроведување на координаирани акции со инспекциските служби од другите градови на Република Македонија во првото полугодие од 2018 година. Државниот инспекторат за труд активностите ги спроведува со донесување на Годишната Програма како и Квартални и Месечни Планови при што овозможува дефинирање на цели, мерки и активости кои што обезбедуваат реализација на активностите, како и следење на реализацијата на истите со што се креираат предуслови за остварување на јавниот интерес, заштита на правата на работниците и обезбедување на здрава и безбедна работна средина. |
| Февруари- 2018 | Директорот на Државниот инспекторат за труд, Аљајдин Хавзиу оддржа состанок за кординација за претсојниот семинар финансиран од страна на УСАИД со цел зајакнување на капацитетите на администарција. Исто така, во текот на овој период, преку кампањата за подигнување на свеста кај младите за нивните работнички права се одржа Обука на тема „Права на младите на работното место – пристојна работа за младите луѓе” организирана од Меѓународната организација на трудот (ILO) и Коалиција на младински организации СЕГА која има за цел зголемување на свеста на младите луѓе да разберат дека имаат права на работното место на кој начин, каде и како да се информираат за нив. |
| Март- 2018 | Во текот на овој период директорот на Државниот инспекторат за труд, Аљајдин Хавзиу оддржа неколку состаноци со членовите на комисијата надлежна за измена и дополнување на законот за инспекција на трудот и законот за инспекциски надзор. Државниот инспекторат за труд обезбедува единствено спроведување на прописите и мерките од областа на работните односи и безбедноста и здравје при работа и е одговорен за нивно спроведување во рамките на својата надлежност. |
| Април- 2018 | Во текот на месец април 2018 година, директорот на Државниот инспекторат за труд, Аљајдин Хавзиу оддржа работен состанок за координација на испекциските служби со цел разгледување и изнаоѓање на можности за кадровска екипираност на подрачните единици кои се во недостаток на инспекциски кадар. |
| Мај- 2018 | /// |